Универзитет "Св.Кирил и Методиј"
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1003- 1955/4
Дата 28.03.2025 година
Скопје

JАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI I SHËNDETIT PUBLIK
SPITALI PSIKIATRIK "SHKUP" - SHKUP

| Примено Pranuar | 03-04-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësi. org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 04 | 503/1 | | |

**До Директорот на**
**ЈЗУ** Психијатриска болница „Скопје"-Скопје

**Предмет:** *Известување*

Почитувани,

Ве известуваме дека на ден **27.03.2025** година, Медицинскиот факултет во Скопје, објави Јавен оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација, односно супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година.

На **28.03.2025** година е објавена измена и дополнување на објавениот јавен оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација, односно супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година.

Огласот и измената и дополнувањето на огласот се објавени во дневните гласила „Нова Македонија", „Коха" и на веб страната на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Потребните документи:**

- ***За специјализација***: пропратно писмо од јавната установа потпишана од директорот односно директорите, Одлука од Управен одбор, фотокопија од Уверение со оцени за завршен Медицински факултет заверено на нотар, фотокопија од Диплома за завршен Медицински факултет заверена на нотар, фотокопија од Уверение за положен стручен испит заверено на нотар, фотокопија од Важечка лиценца за работа заверена на нотар, пополнето Барање кое е објавено на веб страната на Факултетот.

  За здравствените работници со високо образование со стекната прва лиценца за работа од 22.05.2019 година до денес потребно е да се достави еден од подолунаведените документи:

  - Потврда за завршена пробна работа од најмалку шест месеци во примарна здравствена заштита во здравствен дом според Програма на Министерството за здравство и копија од склучен Договор за дело со Здравствениот дом како доказ за вршење на пробна работа на кандидатот согласно Програмата на Министерството за здравство (член 141 став 2 од Законот за здравствената заштита); или
  - М1/М2 образец со кој кандидатот докажува дека на денот на поведувањето на постапката за запишување на специјализација од високообразовната установа што ја спроведува специјализацијата, е вработен/а во јавна здравствена установа и има најмалку шест месеци работен стаж во струката како здравствен работник со високо образование или дека има работно искуство во здравствената установа подолго од шест месеци како здравствен работник со високо образование, што се докажува со поднесување на писмен доказ (договор на дело, договор за волонтерство) (член 141 став 3 од Законот за здравствената заштита).

За лицата со завршен факултет во странство потребно е да се достави и: фотокопија од Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерство за образование и наука на РСМ заверено на нотар, фотокопија од Еквиваленција на оценки издадено од Министерство за образование и наука на РСМ заверена на нотар, фотокопија од Решение за признавање на приправнички стаж и положен стручен испит во странство издадено од Лекарска комора на РСМ заверено на нотар.

- ***За супспецијализација***; пропратно писмо од јавната установа потпишано од директорот односно директорите, Одлука од управен одбор, фотокопија од Уверение за положен специјалистички испит заверно на нотар, фотокопија од Уверение со оцени за завршен Медицински факултет заверено на нотар, фотокопија од Диплома за завршен Медицински факултет заверена на нотар, фотокопија од Уверение за положен стручен испит заверено на нотар, фотокопија од Важечка лиценца за работа заверена на нотар, Барање кое е објавено на веб страната на факултетот.

Ве молиме документите да ги доставите најдоцна до **28.04.2025** година.

НАПОМЕНА:
- Новоупатените специјализанти потребно е да извршат регистрација на платфромата за специјализации во најкус можен рок по комплетирање на целокупната документација за запишување на специјализација на следниот линк http://specijalizacii.medf.ukim.edu.mk:8081/Account/Register
- Новоупатените супспецијализанти потребно е да извршат регистрација на платфромата за супспецијализации во најкус можен рок по комплетирање на целокупната документација за запишување на супспецијализација на следниот линк http://10.0.2.152:8083/Account/Register

Со почит,

**Декан**
Проф. д-р Светозар Антовиќ

**Изготвил:** м-р Н. Расолковска
**Контролирал:** м-р С. Стамболиева
**Одобрил:** дипл. прав. Р. Митаноска